**ДП. бр. 388**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд Скопје 1 Скопје, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нада Симјановска од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.2202 од од 22.11.2013 година на Претседателот на Комората на извршители на РМ, во присуство на обвинетиот извршител З.С лично и полномошник Б.К.Јод К, по одржан претрес на ден 24.12.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител З.С именуван за подрачјето на Основен суд К, Основен суд Б, Основен суд В и Основен суд Д со адреса на ул . Д.

ЗАТОА ШТО:

Извршител З.С на ден 18.06.2013 година составил Службена белешка на која стои грбот на Република Македонија, називот извршител З.С именуван за подрачјето на на Основен суд К, Основен суд Б, Основен суд В и Основен суд Д, и на која е ставен отисок од штембил со бр. 22/12 и датум 18.06.2013 година и е оверена со отисок од службениот печат и потпис на извршител З.С од Д, а која Службена белешка е со содржина која се однесува на приватна правна работа на лицето З.С како физичко лице со што извршителот постапил спротивно на чл. 40 став 1 алинеја 6 и чл 40 став 4 од Законот за извршување и пуштил во правен промет акт со форма пропишана од министерот за правда иако актот не е издаден при превземање на извршни дејствија од страна на извршителот а за која намена истиот е предвиден.

Со погоре опишаните дејствија извршителот З.С, сторил дисциплинска повреда “ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го

намалува угледот на извршителската должност “ по чл. 54-в став 1 алинеа 2 од Законот за извршување опишана во точка 1

па врз основа на член 54 –а од Закон за извршување на извршителот З.С од Д му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од 1500 евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението под страв на присилно извршување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр. 2202 од 22.11.2013 година е поднесен од страна на Претседателот на Комората на извршители на РМ, а врз основа на сознанија од лицето Г.К од с.Спанчево о. Чешиново, Облешево за постапување на извршителот З.С од Скопје надвор од своите извршителски должности. Предлогот е со наводи дека извршителот издал акт –Службена белешка со форма пропишана од министерот за правда иако актот не бил издаден при превземање на извршни дејствија од страна на извршителот која му е вистинската намена и за која истиот е предвиден, па извршителот со оваа Службена белешка од 18.06.2013 година констатирал своја приватна правна работа на лицето З.С како физичко лице за кое нешто истиот не е овластен со закон. Предлагачот наведува дека со несовесно постапување спротивно на етичките норми, професионални стандарди и правилата на извршителската должност извршителот З.С од Скопје сторил дисциплинска повреда “ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го намалува угледот на извршителската должност “ по чл. 54-в став 1 алинеа 2 од Законот

за извршување па предлага Дисциплинската комисија да поведе постапка и по одржан главен претрес да му изрече соодветна дисциплинска мерка .

Извршителот З.С од Д во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 02.12.2013 година наведе дека Службената белешка ја составил во форма на документ а не во форма на акт бидејќи во истата немало увод со извршен број, странки, вредност како ни извршна исправа . Извршителот со ставањето на штембил и деловоден број на службената белешка ја означил истата како документ а со цел да може да претставува доказ за пред суд, а кое нешто било констатирано и во деловодната книга на извршителот. Во своја одбрана наведе и дека службениот печат бил ставен на службената белешка за да биде доказ од причина што паричните средства биле подигнати од службениот сеф во канцеларијата на извршителот кој како лице со јавни овластувања мора да го поседува сефот па со белешката потенцирал дека средствата се подигнати од неговиот сеф. Извршителот всушност на овој начин докажувал дека станувало збор за службени парични средства кои биле подигнати од службениот сеф па поради што морало да се состави службена белешка а со цел да се констатира истото. Извршителот наведе дека не направил повреда согласно Законот за извршување ниту пак предизвикал штета со ваквото донесување на службена белешка и нејзино поднесување пред судот како доказ. Извршителот истакна дека не постапил спротивно на член 40 став 1 алинеја 6 ниту пак спротивно на чл.40 став 4 од Законот за извршување од причина што законска форма на службена белешка не била пропишана па од кои причини истата била ништовна и не произведува правни последици спрема никого. Извршителот во своја одбрана наведе и дека со предлогот не е наведено со кои дејствија извршителот постапил спротивно на Етичкиот кодекс за однесување на извршителите ниту е наведено кое конкретно правило од кодексот е повредени со издавањето на службената белешка од страна на извршителот. Извршителот се повика и на претходна пракса на Дисциплинската комисија согласно која веќе еднаш во конкретен предмет исто така било одлучено дека нема повреда од страна на извршителот во случај кога издал акт за кој не постои пропишана форма.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 24.12.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Службена белешка бр.22/13 од 18.06.2013 година на извршител З.С
2. Покана за давање одговор на тужба од Основен суд К П-4 бр.39/13
3. Тужба од тужител З.Сод Д против тужен Г.Код с. Спанчево од 03.09.2013 година за долг од 10.000 евра
4. Копија од деловодна книга бр.22/13 од 18.06.2013 година;

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот З.С од Д на ден 18.06.2013 година составил Службена белешка на која стои грбот на Република Македонија, називот извршител З.С именуван за подрачјето на на Основен суд К, Основен суд Б, Основен суд В и Основен суд Д, и на која е ставен отисок од штембил со бр. 22/12 и датум 18.06.2013 година и е оверена со отисок од службениот печат и потпис на извршител З.С од Д.

Службена белешка е со содржина која се однесува на приватна правна работа на лицето З.Скако физичко лице со лицето Г.К од с.Спанчево во која извршителот констатирал дека во кафеана Мал одмор во Штип од страна на лицето Г.К во присуство на сведок Г.С од В му била побарана парична позајмица , која позајмица извршителот на ден 24.04.2013 му ја дал во 09 часот на патот с.Облешево спрема Технички преглед Еуро контрол во износ од 618.000,00 денари, кои парични средства извршителот ги имал во сефот во својата канцеларија во Д а кои ги претворил во 10.000 евра во менувачница Пресинг Д. Во Службената белешка е напоменато дека позајмицата ја дава З.Скако физичко лице а истата е потпишана од Извршител З.С. Во Службената белешка се нотирани лицата Г.С, Р.Си Г Скако свидетели .

На ден 03.09.2013 година до Основен суд во К е поднесена тужба од страна на З.С преку адвокат Д.Е против тужен Г.К од с. Спанчево, о. Чешиново – Облешево, во која како доказ е предложена Службената белешка бр.22/13 од 18.06.2013 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес на ден 24.12.2013 година одлучувајќи по повод основаноста на

Предлогот на Претседателот на Комората на извршители бр. 2202 од 22.11.2013 година утврди дека извршителот З.С од Д ја сторил дисциплинската повреда која му се става на товар по член 54-в став 1 алинеја 2 од Законот за извршување. "ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го намалува угледот на извршителската должност " на начин што составил акт- Службена белешка со грбот на Република Македонија, називот "извршител" , и ставил отисок од штембил и службениот округол печат како и потпис на извршител З.С од Д, а која Службена белешка била со содржина која се однесува на приватна правна работа на лицето З.С како физичко лице. Дисциплинската комисија е на став дека извршителот го намалил угледот на извршителската должност кога го пуштил во правен промет овој акт кој има за цел констатирање на факти при превземање на извршни дејствија од страна на извршителот и за која намена истиот е предвиден согласно Законот за извршување. Имено, составувањето на службена белешка како акт кој проуизлегува од работата на извршителите е предвидено со чл.40 став 1 алинеја 6 од Законот за извршување што значи дека законот утврдил дека во текот на работењето извршителот во конкретен преднмет може да состави службена белешка. Во конкретниот случај извршителот службената белешка спротивно на погоре наведената одредба ја составил за приватни цели како физичко лице но истата ја оверил со печат на извршителот, со штембил и со потпис на извршителот кај службениот печат, ја заверил во деловодните книги на извршителот со што го сторил битието на делото кое му се става на товар односно го намалува угледот на извршителската дејност.

Имајќи предвид наведеното, ДК при КИРМ е на став дека во опишаните дејствија на извршителот З.Сод Д е содржано битието на дисциплинската повреда предвидена со член 54-в став 1 алинеа 2 "ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го намалува угледот на извршителската должност "од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, и 148/2011).

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда : „ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го намалува угледот на извршителската должност ", по чл.54-в став 1 алинеја 2 од ЗИ, Дисциплинската комисија го огласи за виновен

извршител З.С од Д за сторени повреди па му изрече парична казна во износ од 1.500 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на ден на изрекување.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како олеснителна околност дека нема штетни последици од дејствијата на извршителот, а како отежнителна околност тоа што извршителот е претходно казнуван како и околноста што истиот е со долгогодишно работно искуство како извршител па истиот бил должен да знае дека превземал дејствија и составил приватна исправа како физичко лице а на истото го оверил со штембил со број и датум , го завел во својата службена деловодна книга и актот го оверил со службен печат и потпис како извршител З.С. На тој начин извршителот презамал дејствија спротивни на начелата од Кодексот на професионална етика, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 24.12.2013 година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува извршителот З.Сда плати на име парична казна износ во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.          во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**Дисциплинска комисија на КИРМ**

**Претседател**

Снежана Фитеска

----------------------------

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемо

**Дн:** Претседател на КИРМ
Министерство за правда
Извршител З.С од Д
Архива